Проектот е финансиран од Европската Унија

Состојбата со радикализација на младите во Северна Македонија, насилниот екстремизам и тероризам

(Основна студија)

Автор:
Елена Миленкоска-Михаиловска

Проект:
Платформа за граѓанско образование
на млади за борба против радикализација

март/април 2021

АКРОНИМИ

ЕУ – Европска Унија

ИЕП – Иницијатива за европска перспектива

ЦИД – Центар за интеркултурен дијалог

ИСИС – Исламска држава на Ирак и Сирија

НСЗСНЕ – Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам

ЗБ – Западен Балкан

СФРЈ – Социјалистичка Федеративна Република Југославија

ДЗС – Државен завод за статистика

МВР – Министерство за внатрешни работи

УБК – Управа за безбедност и контраразузнавање

КЗ – Кривичен законик

ГО – Граѓански организации

МОН – Министерство за образование и наука

Ставовите и мислењата изразени во оваа Основна студија, се ставови и мислења на авторот и не ги одразуваат мислењата на Европската Унија и друга поддржувачка организација

Проектот е финансиран од Европската Унија

КРАТКА СОДРЖИНА

Вовед 3

Значење на поимот радикализација 4

Фактори кои водат кон радикализација 6

Фази на радикализација 8

Состојбата во земјите на Западен Балкан со радикализација на младите – процес кој води кон насилен екстремизам и тероризам....11

Состојбата во Република Северна Македонија....18

Превенција од радикализација 21

Граѓанските организации и нивната улога во спречување на насилниот екстремизам и радикализација на младите....25

Работилница во Скопје “Младите против насилство “....26

Работилница во Куманово “Младите против насилство”....29

Работилница во Струга “Младите против насилство” 33

Препораки....36

Проектот е финансиран од Европската Унија

ВОВЕД

Оваа Студија е изработена на барање на Здружението на граѓани за демократија - Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), а за потребите на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)". Овој проект организацијата Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) го спроведува во партнерство со Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) од Куманово, Нексус – Граѓански концепт од Скопје, Здружението за развој и активизам – Аква од Струга, и организацијата Градење на заедницата од Митровица – Косово.

Општа цел на овој проект е да придонесе во зајакнување на капацитетот на локалното граѓанското општество во градењето отпорност против радикализација на младите.

Специфична цел да се развие граѓанска едукативна платформа за млади, дизајнирање на мотивирачки наративи и алтернативни наративи за граѓанско образование, како средство за спречување на радикализација на младите.

Главната целна група се поширокатa група на граѓански организации кои работат на образование за млади, граѓанско општество и ЕУ образование, спречување на радикализација што може да доведе до насилен екстремизам и тероризам. **Втората целна група** се млади лоцирани во општините Скопје, Куманово и Струга. **Третата целна група** се претставници на локалните самоуправи, средни училишта и акциони групи во заедницата. Крајни корисници се млади, нивните семејства и жители во областите на општините Скопје, Куманово и Струга.

За потребите на проектот ова основна студија треба да даде некои почетни и основни информации за тоа што се подразбира под поимот радикализација, причини поради кои младите се радикализираат, фазите низ кои се поминува, состојбата во земјата и регионот и сл.

Според извештајот на ЕУ за 2019 година Владата на Северна Македонија сè уште заостанува во напорите за поинтегриран и превентивен пристап кон спречување и борба против насилниот екстремизам и тероризам. Ова посебно се однесува на локално ниво, бидејќи локалните совети за превенција и акционите тимови на локалната заедница не се ефективни во секоја општина, односно постојат само на хартија. Неопходно е зајакнување на нивната положба, бидејќи нивната улога е исклучително важна во борбата против насилниот екстремизам и тероризам. Овде се надоврзува значењето на граѓанските организации и нивната улога да и служат на заедницата придонесувајќи во борбата против радикализација на младите.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Меѓутоа граѓанските организации не се толку информирани на оваа тема како што се некои државни органи кои работат на полето на безбедноста, кои не секогаш се расположени да споделат информации, сметајќи дека се доверливи. Сепак, сознанието за потенцијалната радикализација на младите треба да се сподели меѓу субјектите кои работат со овие целни групи. Затоа е потребно граѓанските организации да се здобијат со сопствено институционално зајакнување, пристап до информации и соработка со јавни субјекти, како што се училиштата, центрите за социјална работа, општините, како и органите кои се директно вклучени во борбата против овие појави. Ова се случува во време кога нестабилната состојба на Блискиот исток и потенцијалниот прилив на мигранти може да придонесат за несигурност на заедниците и граѓаните. Општините, локалните совети за превенција, акционите тимови во заедницата и институциите кои работат на полето на сузбивање на радикализација, ќе имаат корист од зајакнати капацитети на граѓанските организации и заедно ќе влијаат на намалување на ризикот од радикализација.

ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМОТ РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Кога станува збор за поимот радикализација треба да се напомене дека не постои една општо прифатена дефиниција. Сепак една од најраспространетите е онаа на Европска Комисија според која *радикализацијата е процес во кој индивидуално или во група се прифаќа радикална идеологија која одобрува или применува сила, вклучувајќи и тероризам, за да постигне одредени идеолошки или политички цели*[1]. Други радикализацијата ја дефинираат како системски процес на усвојување на екстремистички уверувања кои можат да доведат до терористички дејствија.

Некои пак аналитичари, прават разлика помеѓу **насилна радикализација** која за остварување на своите цели користи сила и насилство и **не насилна радикализација** која се стреми целите и идеалите да ги остварува без употреба на насилство. Значи радикализација не мора секогаш да претставува закана за мирот и безбедноста доколку не е поврзана со насилство и други незаконити дејствија. Некои форми на радикализација се дури и двигател за прогрес на општеството како на пр. кога луѓето се залагале за укинување на ропството, борбата за право на глас и сл.

1 https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/policies/counter-terrorism/radicalisation_en

Проектот е финансиран од Европската Унија

Иако постојат повеќе дефиниции за радикализација едно нешто е заедничко за сите, а тоа е дека радикализацијата е процес. Сите кои ќе се впуштат во овој процес можат да бидат радикализирани, но не мора да бидат вклучени во дејствијата на насилство. Како облици на насилна радикализација се споменува **десничарската радикализација** која е поврзана со фашизмот, расизмот, отворено насилство кон малцинството, мигрантите и исламофобија, потоа **левичарска радикализација** која се залага за укинување на капитализмот и користење на насилство за рушење на постојниот политички систем[2].

Како најраспространета е **верската радикализација** која користејќи термини и симболи од верските книги си дава оправдување за вршење на насилства.

Сепак најтежок вид на радикализација е терористичката радикализација, која според Националната стратегија за спречување на насилниот екстремизам (2018-2022) е *динамичен процес преку кој поединецот доаѓа во состојба да прифати терористичко насилство како можен, дури и легитимен начин на делување. Нема единствен профил што ги опфаќа сите терористи, ниту пак има јасно исцртана патека што го води поединецот кон тероризам. Можните двигатели на терористичката радикализација се разновидни, комплексни и се комбинирани на уникатен начин во секој од случаите. Профилите изградени на стереотипни претпоставки засновани на религија, раса, етничка припадност, род, социо-економски статус, итн. не се само дискриминирачки, туку се, воедно, и неделотворни, со ризик да го влошат и потхранат ширењето на двете појави. Од овие суштествени причини мора да ја отфрлиме идентификацијата на тероризмот со која и да е националност, религија или етничка припадност[3].*

Исто така не постои "терористичка личност", односно личност чиј психолошки профил укажува на тоа дека може да изврши насилство. Луѓето стануваат терористи од различни причини во текот на процесот на радикализација. Постојат и радикални групи кои се фокусирани на еден **проблем/тема**, како на пример заштита на животната средина, екологијата, заштита на животните.

[2] nasilni ekstremizam I radikalizam kao psiholoshki fenomen – Safet Mushich http://globalanalitika.com/wp-content/uploads/2018/04/pdfresizer.com-pdf-resize.pdf

[3] Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022)

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАКТОРИ КОИ ВОДАТ КОН РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Многу е тешко да се опфатат сите причини кои доведуваат до тоа едно лице да се радикализира. До сега се направени голем број на истражувања каде се наведени различни причини за радикализација, зависно од околностите кои биле земени предвид. Станува збор за многу комплексна појава и причините за радикализација кај секој човек се различни. Сепак можеме да дадеме опис на некои најчести причини или фактори на радикализација, но тоа не значи дека не постојат и други. **Потребата за припадност** најчесто се јавува како фактор кај младите, адолесцентите, кои го бараат своето место во општеството. Младите имаат потреба да се докажат, да бидат слушнати, да бидат дел од група каде ќе се чувствуваат рамноправни и вклучени во процесите. Ова е доста проблематична возраст кај младите и доколку нивната енергија, страст и афинитети не бидат насочени соодветно може да дојде до отуѓување од семејството, дотогашните пријатели и да се јави оваа потреба да бидат "слушнати" на поинаков начин, како дел од радикални групи. Овде треба да се спомене дека освен групирањето во радикални групи, постојат и таканаречени "волци-самотници". Овие лица дејствуваат самостојно, но сепак следат идеологија на одредена радикална група.

Во радикалните групи младите имаат **заедничка цел и идеологија** со другите членови и се поврзуваат уште повеќе, чувствуваат дека некаде припаѓаат. Секако овде се надоврзува **желбата за статус, почит, моќ во општеството**, како и **материјалната сатисфакција**. Друга група на фактори се поврзани со **политиката на државата** со етничките заедници, разбирање на нивните потреби, но и спремноста на државните органи да обезбедат почитување на Уставот и законите од страна на сите граѓани.

Улогата на **верските лидери** кои во интерпретирањето на верските книги се оддалечуваат од нивното изворно значење, се водечки фактор на радикализација кај така нареченият религиозен радикализам. Бидејќи од начинот на кој се интерпретираат верските книги многу зависи дали припадниците на таа религија ќе ги почитуваат другите религии и обичаи или со користење на "верски изрази" ќе ги оправдаат насилствата, употребата на сила, застрашување и убивање.

Во Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам (НСЗСНЕ) (2018-2022) како двигатели на радикализацијата која води кон насилниот екстремизам се наведени таканаречени "push" и "pull" фактори, односно фактори кои туркаат и фактори кои повлекуваат.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Табела на “push” и “pull“ фактори (НСЗСНЕ)[4]

	Фактори кои туркаат “push”	**Фактори кои повлекуваат “pull “**
РЕГИОНАЛНО НИВО	Надворешни влијанија, вклучувајќи и пари од други кои живеат главно во Арапскиот залив	Образование во земји кои промовираат екстремизам
	Неможност за справување со криминални групи кои лесно ги минуваат границите, несоодветно полициско работење во ранливите заедници или регионални области на Р. Македонија	РМ е опкружена со слаби држави со пост-конфликтна нестабилност, наследени политики кои влијаат на квалитетот на градење на општествено одржливи системи, особено на односите со соседните земји за зајакнување на етнорелигиозната хармонија и национално единство
ДРЖАВНО НИВО	Тенденција неосновано да се обвинат етнички заедници или религиски групи	РМ продолжува да се бори за градење и негување на силен унифициран национален идентитет
	Владина реторика која ја префрла вината за одредени појави во општеството на таргетирани групи, наместо да се фокусира на вистинските фактори и индикатори	РМ сеуште страда од релативно висок степен на незадоволство и недостаток на доверба меѓу заедниците, државата и локалните власти
	Нема сеопфатна мисија за спречување на сите видови на радикализација, насилен екстремизам и борба против тероризмот	Недостаток на институционални капацитети и способности на државните и општинските власти, постојани предизвици со корупцијата

[4] Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022)

Проектот е финансиран од Европската Унија

ОПШТИНСКО И ЛОКАЛНО НИВО	Притисок од верски лидери (внатрешно или влијание од странство)	Хронична невработеност и недоволно вработување, особено во етнокултурните и религиозните малцински заедници
	Маргинализација на етничките/религиозни групи	Слаба доверба помеѓу локалната полиција и локалните власти, во однос на владеењето на правото
	Недостаток на можности, негирање на државјанство на одредени групи, неможност да се интегрираат и да добијат владини заштити и услуги, вклучително и полициска заштита, здравствена заштита и сл.	Недостатокот и слабоста на "легитимниот" лидер создава вакуми кои лесно ги исполнуваат радикалните екстремистички лидери со насилна антидржавна и антинационална визија и намери

ФАЗИ НА РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Имајќи предвид дека радикализацијата претставува процес, тој процес поминува низ неколку фази во кој личноста ги менува своите дотогашни убедувања, ставови и почнува да се поистоветува со идеологијата и ставовите на радикалната група во која се приклучува. Овој процес не се случува брзо, но одредени настани како смрт на близок, дискриминација, губење на работа, економска криза, напуштање, понижување и слично можат да го забрзаат.

Од досегашните анализи и истражувања во врска со фазите на радикализација еден од најпознатите е моделот на полициското одделение во Њујорк[5]. Истражувани биле 11 случаи на радикализација и тероризам под влијание на Ал-каеда и се наведени следниве четири фази на радикализација:

1. **Пред радикализација** – Тоа е периодот од животот на индивидуата кога таа се уште не е радикализирана но под влијание на повеќе различни фактори

[5] Radicalization in the West: The Homegrown Threat - NYPD https://seths.blog/wp-content/uploads/2007/09/NYPD_Report-Radicalization_in_the_West.pdf

Проектот е финансиран од Европската Унија

започнува постепената радикализација. Тие фактори може да бидат чувство на неправда, дискриминација, повреда на близок, трауми, желба за одмазда, како и не посветување доволно внимание од страна на државата за овие појави, затајување на образовните институции и социјални установи за рано откривање на знаците на радикализација, со што лесно се преминува во втората фаза.

2. **Самоидентификација** - Во оваа фаза лицето се повеќе ги напушта претходните ставови и убедувања, почнува поинаку да се однесува, го менува изгледот и стилот на облекување, полека ги напушта дотогашните пријатели, запознава нови со кои се повеќе се поистоветува и се здружува имајќи иста идеологија. Во ова фаза започнува градењето на нов идентитет, користејќи ја религијата како поткрепа дека лицето ги застапува интересите на исламот. Започнува со истражување и учење за радикалниот ислам, посетува џамии каде се проповеда истиот.
3. **Индоктринација** – Во оваа фаза лицето е веќе целосно убедено во радикалниот ислам и оправданоста на насилството и убиствата во име на религијата. Во оваа фаза веќе се посетуваат кампови за обука за вршење на терористички дејствија.
4. **Џихадизам** – Оваа е последната фаза според ова истражување на полицијата од Њујорк, каде лицето веќе себеси се смета за "свет војник" прифаќајќи ја својата "света должност" за планирање, подготовка и извршување на терористички акти.

Овој модел за објаснување на фазите на радикализација е често користен, сепак истиот е развиен врз основа на студии спроведени во врска со случаите на радикализација под влијание на Ал каеда, затоа и се поврзува со исламот и термини од Куранот. Самата радикализација, насилен екстремизам и тероризам не треба да се поврзуваат со ниту една религија, бидејќи ниту една религија не проповеда насилство, убиства и тероризам.

Друг модел во кој се прикажуваат фазите на радикализацијата која води кон насилен екстремизам и тероризам, е моделот развиен од страна на професорот Фатали Могадам – Џорџтаун САД. Овој модел е наречен "Скалила до тероризмот" – (The staircase to terrorism)[6] каде се користи метафората на растечко скалило кое се стеснува на секоја наредна скала и врвот не го достигнуваат сите кои почнале да се искачуваат. Дали едно лице ќе се качи на следното ниво зависи од тоа какви можности има на нивото/скалилото кое се наоѓа. Секој чекор е под влијание на специфичен психолошки процес, колку погоре лицето се качува, толку помалку

[6] Moghaddam, Fatali M; The staircase to terrorism; Washington D.C Georgetown University

Проектот е финансиран од Европската Унија

избори има и на крајот завршува со уништување на себеси и другите. Според овој модел постои приземје и пет ката.

Приземје - Овде се наоѓаат сите членови на општеството. Луѓето ќе останат на приземјето сè додека сметаат дека нивните услови за живот се фер. Оние што ќе согледаат неправдата се селат на првиот кат.

Прв кат – На првиот кат луѓето ги разгледуваат опциите за подобрување на нивната состојба барајќи решенија. Милиони луѓе се наоѓаат на овој кат, но само оние кои се уште чувствуваат неправда, дискриминација и не гледаат можности за решавање на проблемот одат кат погоре.

Втор кат – На овој кат луѓето веќе чувствуваат лутина, фрустрација дека не можат да си ја подобрат состојбата и бараат нешто, некоја цел која ќе ја обвинат за нивната обесправеност. Тоа може да биде владата, политичка партија, етничка или религиозна група и слично. Оние кои се убедени дека имаат непријател кон кој ќе ја насочат својата лутина, бес и гнев одат кат погоре.

Трет Кат – Овде луѓето се спреми на насилство, дури насилството го чувствуваат како должност која треба да ја извршат против нивниот непријател. На овој кат настанува идентификацијата со групата, чувството на припадност и потребата да се донесе правдата.

Четврти кат – Тука веќе се случува регрутација, и се промовира размислувањето “ние” против “нив”. Оние кои се искачиле на овој кат веќе се имаат оддалечено од семејството, пријателите и ретко кога се повлекуваат и остануваат живи . На овој кат речиси нема можност за избор, туку само се чека можноста да се искачат на следниот и последен - петтиот кат.

Петти кат - На последниот кат, веќе се спроведуваат насилствата, убиства, односно терористичките акти.

Разгледувајќи го овој модел, можеме да видиме дека процесот на радикализација, односно фазите се претставени на секоја скала, меѓутоа не сите стигнуваат до последното ниво. Некои од второто или третото ниво се симнуваат назад и се дерадикализираат и интегрираат повторно во општеството, а оние кои ќе ги поминат сите скалила најверојатно е дека ќе се впуштат во терористички дејствија. Според тоа најдобар начин да се спротивставиме на процесот на радикализација е да работиме на превенцијата на приземје и прв кат.

Освен овие два модели постојат и други кои даваат објаснување на фазите на радикализацијата, но за потребите на оваа анализа доволно е да се задржиме само на овие.

Проектот е финансиран од Европската Унија

СОСТОЈБАТА ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН СО РАДИКАЛИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ – ПРОЦЕС КОЈ ВОДИ КОН НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И ТЕРОРИЗАМ

Последиците од распадот на СФРЈ, транзицијата, воените, етничките конфликти, растење со чувство на неправда и желба за одмазда имаат големо влијание врз радикализацијата на младите. Кога на ова ќе се надоврзе сиромаштијата, невработеноста, социјалната несигурност, корупцијата, чувството на отфрленост од општеството, младите постануваат многу лесна мета за врбување од страна на радикалните групи. Иако земјите од Западен Балкан генерално преземаат превентивни мерки против радикализацијата и насилниот екстремизам сепак решавањето на овие проблеми подразбира постојана меѓусебна соработка на земјите помеѓу себе, како и на државните органи кои се директно вклучени во борбата против овие појави, па се до училиштата, наставниците и семејството. Релативно нов предизвик во борбата против радикализација која води кон насилен екстремизам се и повратниците од Сирија и Ирак и потребата за нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Земјите на Западен Балкан

Проектот е финансиран од Европската Унија

имаат преземено повеќе активности по ова прашање. Прво, сите направија измени во кривичното законодавство со инкриминирање на учеството во странска војска, потоа, усвојувањето на Национални стратегии за спречување на насилен екстремизам, Национални стратегии за борба против тероризмот, сите земји од Западен Балкан имаат изготвено и спроведено акциони планови за борба против насилен екстремизам, а имаат потпишано и заеднички акционен план за борба против тероризмот. До сега од земјите на Западен Балкан во Ирак и Сирија заминале околу 1070 луѓе, од кои 200 во времето на заминувањето биле деца[7]. Иако на прв поглед кога зборуваме за лица кои заминале да се борат во странство мислиме на мажи, дел од нив се жени. Тие на различни начини даваат поддршка на терористичките организации. Некои се дел од т.н. верска полиција на ИСИС, а дел имаат улога да радикализираат што поголем број на млади девојки за да се приклучат кон ИСИС[8]. Меѓутоа по враќањето во матичните држави вниманието е насочено пред се на воено способните мажи, сметајќи ги жените само како мајки и сопруги кои заминале по наредба на мажот. Но не секогаш е така, искуствата покажуваат дека многу жени заминати од овие простори се борат рамо до рамо со мажите, а и често покажуваат поголема суровост. Затоа, по враќањето мора да се истражи каква била улогата на жените, за и тие да го добијат потребниот третман.

Во табела 1 подолу се прикажани податоци за бројот на возрасни од земјите на Западен Балкан кои заминале во Сирија и Ирак во периодот од 2012 до 2017 година[9]. По овој период регрутирањето на војници значително е опаднат поради значителното слабеење на ИСИС и губењето на територииите под своја власт.

Табела 1 - Возрасни кои заминале во Сирија и Ирак

Западен Балкан	Мажи	Жени	Вкупно
С. Македонија	140	14	154
Албанија	96	13	109
Косово	255	48	303
Црна Гора	18	5	23
Србија	37	12	49
Босна и Херцеговина	177	63	240

[7] Adrian Shtuni, “Western Balkans Foreign Fighters and Homegrown Jihadis”

[8] BiH NAIVNA NA ULOGE ŽENA U ISIS https://www.blic.rs/vesti/republika-srpska/bih-naivna-na-uloge-zena-u-isis-kako-treba-da-se-postavimo-prema-radikalnim/4kx8csk

[9] Regional report understanding violent extremism in the western balkans Vlado Azinović June 2018

Проектот е финансиран од Европската Унија

Вкупно	723	155	878

Во табела 2 се прикажани лицата под 18 години кои заминале во Сирија и Ирак во период од 2012 до 2017 година.

Табела 2 – Малолетни лица кои заминале во Сирија и Ирак

Западен Балкан	Лица под 18 години
С. Македонија	нема податоци
Албанија	31
Косово	95
Црна Гора	4
Србија	10
Босна и Херцеговина	57
Вкупно	197

Од 2019 година околу 500 од нив се вратиле во своите матични држави , со што Западниот Балкан се соочи со нов безбедносен предизвик. Еден дел од повратниците по нивното апсење и завршена судска постапка, заминуваат на издржување казна затвор. Тука пак се јавува проблемот со радикализација во затворите и регрутација на нови членови за терористичките организации. Затворениците се многу чувствителна група на луѓе, бидејќи веќе се соочуваат со одредени ограничувања. Кај нив веќе постои потреба за одмазда и многу лесно можат да навлезат во процесот на радикализација. Затоа неопходно е овие лица казната да ја издржуваат во посебни оддели како и да добијат индивидуален третман на ресоцијализација. Секако работата со овие лица треба да продолжи и по излегувањето на слобода, да им се даде помош за полесно вработување, да се под надзор на полицијата за да се процени дали уште се под влијание на радикалниот ислам и истиот го шират или се ресоцијализирале. Друг дел пак од повратниците остануваат на слобода поради недостигот на докази од обвинителството, но стануваат голема опасност за младите луѓе нудејќи им моќ и пари за да војуваат во земја која некогаш и не ја ни познаваат, ниту пак знаат за што ќе се борат.

Според повеќе анализи и истражувања од овие простори, младите заминуваат да војуваат во странство најчесто поради сиромаштијата и неможноста да си

Проектот е финансиран од Европската Унија

обезбедат живот каков што посакуваат. Затоа во процесот на ресоцијализација на овие луѓе треба да се има предвид овој факт и уште за време на издржувањето казна затвор да им се обезбеди соодветен третман со посета на обуки и курсеви согласно нивните афинитети и способности. На тој начин по излегувањето на слобода ќе можат полесно да се интегрираат во општеството. Многу е потешко да се работи со оние кои заминуваат да се борат во странство задоени со идеологијата на радикалниот ислам. Овие лица и по враќањето во нивните матични држави продолжуваат со радикалното толкување на исламот и намерата да придобијат што поголем број следбеници. Затоа улогата на верските учители овде би била од голема помош. Уште за време на издржување на казната затвор треба да се овозможи редовни контакти со претставници на Исламската заедница, како би им помогнале да го сфатат изворното толкување на исламот.

Освен овој вид на радикализација каде преовладуваат исламски елементи, на овие простори е присутна и радикализацијата на претставници на христијанската заедница. Имено голем број од христијанската православна словенска заедница, претежно Срби, заминале од својата земја за да се борат во Украина, како поддршка на проруските сили[10]. Овие лица сметаат дека тоа им го должат на Русите поради помошта што ја добиле во војните во Босна и Косово. Официјалните власти во Србија го осудуваат ова војување во странство и уште во 2014 година внесоа измени во нивното кривично законодавство каде е додадено кривичното дело - Учество во војна или вооружен судир во странска држава. Но и покрај тоа голем број од осудените лица за ова кривично дело, признавајќи го делото, добиваат само условни казни, со што затворските казни се суспендираат и доколку не го повторат делото во одреден период остануваат на слобода[11]. Поради ваквите казни некои ја прекршуваат условната казна и се враќаат во Украина.

За време на војната во Босна се проценува дека дошле околу 700 муџахедини од Саудиска Арабија и други земји од Персискиот Залив, за да им помогнат на муслиманите. Меѓутоа меѓу другото, нивната улога била и мисионерска, односно да го проповедаат радикалниот ислам. Паралелно со проповедање на нивното учење граделе и џамии, кои доста се разликувале од џамиите кои дотогаш постоеле во Босна. Поради тоа Исламската заедница од Босна издала брошура за локалните имами со аргументи против новото-радикално толкување на исламот[12]. Цел на овие групи им биле млади луѓе, најчесто од сиромашни семејства, лица уживатели на

[10] Ukraine Lists Serbs Fighting for Russian Unit https://balkaninsight.com/2018/02/02/head-of-ukrainian-sbu-warns-on-serbian-mercenaries-02-02-2018/

[11] Kako su srpski borci raspoređivani u Ukrajini https://ba.voanews.com/a/bra%C4%87a-iz-donbasa-kako-su-srpski-borci-raspore%C4%91ivani-u-ukrajini/4710492.html

[12] Ko zagovara radikalni islam u BiH? https://www.danas.rs/svet/ko-zagovara-radikalni-islam-u-bih/

Проектот е финансиран од Европската Унија

опојни дроги, немоќни, лица со криза во идентитетот и слично. Откако ќе влезат во овие групи, младите најнапред имаат предавања по неколку саати секој ден, одат во џамиите, таму се среќаваат со други истомисленици и почнуваат да го градат својот нов идентитет како дел од радикална група. Се повеќе чувствуваат дека таму припаѓаат и себеси се доживуваат како "свети војници". Потоа почнуваат обуките со оружје, за на крај да отпатуваат да се борат во други држави, од каде и ретко кој жив се враќа. Голем дел од тие кои што заминале се малолетни, некои го напуштаат средното образование, а некои не се ни запишале во средно училиште. Сепак има и такви кои ги напуштаат овие радикални групи, со помош на семејството, полицијата, граѓански организации, престој во "сигурни куќи" работа со психолози и поддршка на заедницата.

Од граѓанската организација " Медица " која нуди психосоцијална заштита на жени и деца, жртви на војна и воена тортура, посебно истакнуваат еден случај на радикализација на девојче од 15 години. Девојчето било до тој степен радикализирано што сметало дека треба да го напушти училиштето и дека е одбрана од Господ за да донесе промени. Од " Медица " истакнуваат дека работата со ова девојче било исклучително тешко, била полна со бес и желба да им наштети на сите оние кои ја одвраќаат од радикалните идеи[13].

Во Црна Гора официјално сметаат дека опасноста од појавата на радикализација која води кон насилен екстремизам и тероризам е мала, но сепак тие преземат активности за квалитетен институционален, стратешки механизам за препознавање на овие појави. До сега околу 27 Црногорци (18 мажи, 5 жени и 4 деца) заминале да се борат во Сирија, а пет во Украина. По измената за Кривичниот законик во Црна Гора во 2015 година – учеството во странски вооружени судири е пропишано како кривично дело и осудени биле двајца повратници, а останатите биле ставени под посебен надзор. Министерството за внатрешни работи има воспоставено соработка со граѓанскиот сектор во креирање на заеднички активности за подигање на свеста посебно кај младите. Како резултат на оваа нивна соработка воспоставена е и Национална платформа за сузбивање на насилен екстремизам и радикализација која води кон тероризам, каде се собираат претставници на државни органи, локална самоуправа, медиуми, граѓански организации, верски заедници и сите кои можат да допринесат во спротивставување на овие појави[14]. Но сепак и во Црна Гора како и во другите земји на Западен Балкан, младите не се чувствуваат сигурно, туку напротив се соочуваат

[13] Ispovijesti pokajnika iz BiH: https://www.6yka.com/novosti/ispovijesti-pokajnika-iz-bih-kako-nas-je-zaveo-radikalni-islam

[14] Prepoznati rezultati Crne Gore u oblasti borbe protiv radikalizacije i nasilnog ekstremizma https://mup.gov.me/vijesti/235269/Prepoznati-rezultati-Crne-Gore-u-oblasti-borbe-protiv-radikalizacije-i-nasilnog-ekstremizma.html

Проектот е финансиран од Европската Унија

со многу проблеми, почнувајќи од сиромаштија, невработеност, корупција, каде не можејќи да си ги остварат своите права и потреби лесно може да навлезат во процесот на радикализација.

Во Сирија од Косово заминале над 300 возрасни и околу 100 малолетни лица. Мотивите зошто заминале да војуваат во Сирија се најразлични. Некои имаат дадено интервју за причините поради кои заминале. Така еден високообразован повратник истакнува дека заминал поради хуманитарни причини да се жртвува себеси за да помогне. Некои заминале како што тие велат од религиозни причини, да војуваат против неверниците. Но има и такви кои се уште имаат сеќавања од војната во Косово и знаат што значи тоа, па брзо се покајале што заминале. Меѓутоа во Косово доминира патријархален начин на размислување, каде крутите родови норми поставуваат остри очекувања од косовските мажи. По војната во Косово постојано се прелеваат радикални наративи и епски песни кои ја величаат мажественоста и херојството на Ослободителната војска на Косово, со што уште повеќе се зајакнуваат овие општествени вредности. Така има млади луѓе кои заминале да се борат во Сирија, затоа што за време на војната во Косово биле деца и се чувствувале нецелосни и ова им било можност да ја покажат својата сила и храброст[15]. Поголем дел од Косовците следат либерален ислам, а некои живеат секуларно, но по војната во Косово и присуството на Арапските организации започнале да се чувствуваат и некои поконзервативни струи. Така според Фатос Маколи, висок функционер во Косово за борба против тероризмот, постоела јасна намера да заживее радикалниот исламот на Косово и да се политизира обуката на имамите. Арапските организации работеле претежно со деца и нивното влијание веќе почнало да се чувствува во средината на 2000-те години. Почнале проблемите во семејствата, децата не ги слушале жените и ги обвинувале своите родители дека не живеат како вистински муслимани[16]. Но косовските власти продолжуваат со борбата против насилниот екстремизам и тероризам и се во постојана соработка со другите земји од Западен Балкан, посебно со Албанија и Северна Македонија. Во соработка со САД во 2019 година Косово успеа да врати 4 осомничени странски борци и 106 членови на семејства од Сирија, со што стана првата земја што врати толкав број на цивили од зоната на конфликтот. Законите во Косово предвидуваат кривично гонење на лица кои помагале или извршиле терористички дејствија, но недостасува нивна имплементација, како и поголеми казни. Сепак судот во Приштина во 2019 година осуди шестмина обвинети за планирање на терористички напади во Косово, Северна Македонија, Албанија, Белгија и Франција. Главниот

[15] Dynamics of Radicalization and Violent Extremism in Kosovo by Adrian Shtuni
https://www.jstor.org/stable/pdf/resrep12438.pdf?refreqid=excelsior%3A19e223e92b02f9aa6679f86c319c2e71

[16] Kako Kosovo postapuva so povratnicite https://www.dw.com/mk/

Проектот е финансиран од Европската Унија

обвинет добил 10 години затвор, а останатите помали, но сепак значајни казни затвор. Косовското министерство за правда продолжува со програмата за ресоцијализација и реинтеграција на повратниците, помогната од американски експерти[17].

Албанија е земја каде 80-90 проценти се етнички Албанци, но со различна вероисповед. Околу 65.42% од вкупното население практикуваат сунитски ислам, 11.23 % се католици, 5.45% православни христијани, 2.56% протестанти, 1.29% се припадници на шиитски ислам и останатите припаѓаат на други религии[18]. Меѓутоа во Албанија доаѓа до пораст на радикални и терористички групи по етно-националистичките движења во соседните држави. Поради тоа Албанија започна да презема бројни активности во борбата против радикализација, насилниот екстремизам и тероризам. Најнапред изврши криминализирање на терористичките акти, финансирањето тероризам, регрутирање и обука на луѓе за извршување терористички акти, како и поттикнување терористички акти и воспоставување, водење и учество во терористички организации надвор од земјата. Сепак корупцијата и бариерите за споделување информации меѓу владините агенции, недоволната меѓу-агенциска координација и корупцијата во судски систем ги попречуваат напорите на Албанија за спроведување на законот на сите нивоа. Од 2012 до 2015 година повеќе од 150 албански државјани заминале да се борат во Сирија[19]. Голем дел од овие лица биле регрутирани преку терористичката ќелија предводена од екстремистичкиот имам Бујар Хиса. Иако регрутацијата била низ целата земја, сепак забележана е зголемена активност на ИСИС во близина на албанската граница со Косово, градот Лешница и неговите блиски села, Загорачан и Ремењ. По слабеењето на ИСИС и во Албанија се јавува проблемот со повратниците, нивна ресоцијализација и реинтеграција во општеството. Голем број жени и деца кои заминале со своите сопрузи и татковци и денес се наоѓаат заробени во камповите, далеку од својата земја и најблиските. Тешка е судбината на овие деца, оставени сами, без никој свој. Родителите неуморно молат од институција до институција за помош да им се вратат децата, но 52 деца од Албанија се уште се заробени во сириските кампови. Во Тирана се одржа мирен

[17] Country Reports on Terrorism 2019 https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2019/kosovo/

[18] The ARDA The Association of Religion Data Archives https://www.thearda.com/internationalData/countries/Country_3_1.asp

[19] 20 Country Reports on Terrorism 2019 https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2019/albania/

Проектот е финансиран од Европската Унија

протест од сите семејства чии деца се заробени во камповите во Сирија, но полицијата поради мерките за заштита од Ковид 19 го забрани протестот[20].

СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република С.Македонија е мултиетничка заедница во која со векови живеат Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Бошњаци, Роми и други националности. Според последниот попис 2002 година (оваа 2021 година се очекува нов попис) вкупното население во државата изнесува 2.022.547, од кои 1.310.184 се изјасниле дека се припадници на православната христијанска вероисповед, 674.015 со исламска вероисповед, 7 008 католици, 520 протестанти и 30 820 останати - (ДЗС)[21].

По распаѓањето на СФРЈ и референдумот на 8 септември 1991 година, македонскиот народ се изјасни за самостојна и суверена држава. Следните години беа исклучително тешки за Македонија да се одржи политички и економски стабилна. Од една страна корупцијата значително почна да расте, фабриките се приватизираа, луѓето останаа без работа, младите без перспектива, а од друга страна се вжештија и меѓуетничките односи. Така 2001 година се случи според едни терористички напад на Македонија, а според други вооружен конфликт. Она што за едните беа терористи, за другите беа борци за човекови права. Сепак, овој конфликт на меѓуетничка основа однесе многу животи, разруши многу куќи и зави во црно многу семејства. За време на конфликтот беа уништени околу 50 цркви, манастири и џамии, од кои 8 споменици на културата како Лешочкиот манастир, Шарената џамија, манастирот Свети Ѓоргија во Куманово и Чарши Џамијата во Прилеп[22]. Вооруженият конфликт заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор во август истата година. Меѓуетничките тензии не исчезнаа но почна да се работи на надминување на разликите, зголемено учество на Албанците во државната администрација и политичкиот живот на земјата, како и заедничко залагање за неповредливост на територијалниот интегритет на Република С. Македонија .

[20] https://www.dw.com/mk/%D0%B7%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0/a-55036142 Заборавените албански деца во Сирија

[21] Државен завод за статистика 2005 година

[22] Слободна Европа https://www.slobodnaevropa.mk/a/1471270.html

Проектот е финансиран од Европската Унија

Со појавата на мигрантската криза, со бегалците од Сирија, Иран и други земји од Блискиот Исток, земјата се соочи со нов економски но и безбедносен предизвик. Голем дел од овие лица беа бегалци кои ги напуштиле своите домови и се што створиле, барајќи мир за себе и семејството, но исто така меѓу нив успешно се инфилтрираа и борци на ИСИС чија цел е дестабилизирање на Европа, Балканот и С. Македонија. Дел од нив се поврзаа со веќе постојните криминални групи, а дел започнаа со проповедање на радикален ислам, врбување на млади луѓе и нивна обука.

Во август 2015 година Министерството за внатрешни работи, по неколкумесечно прибирање на материјални докази за лица кои учествувале во паравоени формации, како и врбување и поттикнување на други за учество во паравоени формации изврши антитеристичка акција на терен. Во акцијата беа извршени вкупно 28 претреси, од кои 21 во Скопје, 4 во Гостивар и по еден во Тетово, Куманово и Струга, кај вкупно 24 физички лица и 4 објекти. Меѓу четирите објекти беа "Фастнет"-интернет кафе во Скопје, придружните објекти на Тутунсуз џамија, и просториите на невладините "Искра на милоста" и "Исламска младина – Сарај"[23]. Врз основа на обезбедените докази беше поднесена кривична пријава за 36 лица на возраст од 19 до 49 години, за сторени кривични дела „Учество во странска војска, полиција, паравоени и параполициски формации" предвидено и казниво по член 322-а од Кривичниот законик. Во спроведената акција 11 лица беа притворени, а 25 беа недостапни за органите на прогонот. Овој случај познат како "**Ќелија 1**" е првиот процесуиран случај, по воведувањето на кривичното дело - Учество во странска војска, паравоени или параполициски формации, од член 322-а од Кривичниот законик. Овој случај заврши со признавање на вина на шест лица, од кои едно лице доби 7 години затвор, а останатите пет, добија по 5, 5 години затвор. Подоцна на друго рочиште и останатите пет обвинети ја признаа вината и едно лице беше осудено на 4 години и 6 месеци затвор, едно лице осудено на 4 години затвор, едно лице 3 години и 1 месец, и две лица беа осудени на 2 години затвор. (МВР)

Следната година во јули месец МВР спроведе антитеристичка акција позната како **"Ќелија 2".** Во акцијата спроведена на седум локации во Скопје и Тетово, беа уапсени четири лица – поранешни припадници на ИСИС, а подоцна беше лишено од слобода уште едно лице. За останатите три лица се распишаа национални и меѓународни потерници. Тројца од нив, во повеќе наврати учествувале во терористичките напади во околината на Дамаск и воената база во близината на Алепо. Додека останатите биле дел од терористичките напади на градот Деризор, воената база Рака, официјалниот граничен премин помеѓу Сирија и Ирак, како и

[23] Оперативна обработка " ЌЕЛИЈА " https://mvr.gov.mk/vest/277

Проектот е финансиран од Европската Унија

нападот на воздухопловната база во Ирак, а исто така објавувале и снимки од погубување на околу 50 затвореници. Во октомври 2016 година, петминатa обвинети ја признаа вината што им се става на товар и склучија спогодби со обвинителството со кои се осудени на казна затвор од 2 години и 4 месеци до 2 години и 8 месеци[24].

Истата година во август македонското МВР во соработка со турската полиција од слобода лиши пет македонски државјани, осомничени за членство во таканаречената Исламската Држава. Акцијата беше спроведена од страна на турската полиција во едно од собиралиштата на џихадисти лоцирано во населбата Аксарај. Приведените државјани на Република Македонија од кои три од Куманово и две од Скопје, на организиран начин се обиделе да се приклучат кон терористичката организација. Во собиралиштето осомничените биле сместени заедно со уште четири лица од Албанија, Сирија, Палестина и Мароко и чекале поволни услови за трансфер во Сирија. Според сознанија на МВР лицата претходно биле поттикнати и организирани од македонски државјани кои подолг период престојувале во Сирија, а заминале за Турција со единствена крајна цел приклучување кон муџахединските единици во Сирија. За двајца од нив, родителите претходно го пријавиле нивното исчезнување во полиција[25]. Овој случај е познат како **“Ќелија 3”** и според сознанијата на МВР овие лица подолг период посетувале верски предавања на радикални имами во нивните градови каде започнала нивната индоктринација и радикализирање во кое биле инволвирани лица опфатени во претходните акции „Ќелија“.

Македонските безбедносни органи континуирано преземаат акции против тероризмот, насилниот екстремизам и радикализација, но се поставува прашањето дали по нивното апсење и спроведена судска постапка на која се осудуваат на казна затвор, со овие луѓе се работи? Дали се работи на нивната ресоцијализација или се оставени во затворите изложени на голата ретрибуција на казната затвор, хранење на нивниот гнев, желба за одмазда, броејќи ги деновите кога ќе излезат на слобода и ќе продолжат со својата борба и криминални активности. Така на 1 септември 2020 година МВР во соработка со Агенцијата за национална безбедност приведе тричлена терористичка група составена од лица-рецидивисти кои претходно за сторено кривично дело „Учество во странска војска, полиција

[24] Проширена истрага за кривично дело – Учество во странска војска, паравоени или параполициски формации за едно лице https://jorm.gov.mk/proshirena-istraga-za-krivichno-delo-uch/

[25] Лишени од слобода пет лица во рамки на акцијата „Ќелија 3“ https://mvr.gov.mk/vest/2471

Проектот е финансиран од Европската Унија

паравоени или параполициски формации“ од чл. 322-а од КЗ биле правосилно осудени и издржале казна затвор[26].

Освен погоре наведените случаи во С. Македонија се преземени и други полициски акции против овие кривични дела поврзани со тероризмот и учество во странски војски и паравоени формации.

Една од поголемите акции е случајот со **Диво населје** од 2015 година, каде 28 часовната престрелка со терористичката група распоредена во повеќе куќи заврши со победа на македонските специјални сили и целосно неутрализирање на терористите. Во оваа акција 8 припадници на македонските специјални полициски сили го загубија животот, а 37 беа ранети. Уапсени беа 33 лица, а 14 припадници на терористичката група го загубија животот. Основниот суд Скопје 1 изрече седум доживотни затворски казни за обвинетите од Диво Населје, на 13 обвинети им изрече единствена затворска казна во траење од 40 години, шестмина се осудени на затвор од 20 години, еден обвинет доби 18 години затвор, двајца затвор од 14 години, двајца 13 години, а четворица поради немање докази се ослободени од обвиненијата. На шеснаесет обвинети судот им изрече и казна протерување странец засекогаш од територијата на Република Македонија.

Многу прашања во врска со овој случај се уште не се одговорени, се уште непознато е кои се нарачатели на овој трагичен настан, чија цел беше да ја разгори меѓуетничката нетрпеливост и да предизвика низа конфликти во С. Македонија. Два дена по настанот оставки поднесоа министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска и директорот на УБК Сашо Мијалков .

ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАДИКАЛИЗАЦИЈА

Со оглед на погоре наведените случаи, јасна е потребата во Република С. Македонија, да се работи со младите најнапред на полето на превенција, а за веќе радикализираните на нивното превоспитување, ресоцијализација и успешна реинтеграција во општеството. Според Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022) и Националната стратегија за борба против тероризмот (2018-2022) превенцијата е една од основните стратешки приоритети, покрај заштита, гонење и одговор.

[26] Сузбиена терористичка група https://mvr.gov.mk/vest/12711

Проектот е финансиран од Европската Унија

Превенирање *– странски терористички борци и активисти, како и основните причини за радикализација.*

Заштита *– на луѓето, нивниот имот, клучна и критична инфраструктура од сите закани, кои се јасни и присутни, како и потенцијални и растечки закани.*

Гонење/извршување *– заканите од насилен екстремизам и тероризам (прекин, намалување, раздвојување и поразување), во нивниот корен, во засолништата, каде и да претставуваат закана по луѓето и инфраструктурата.*

Одговор *– активно и агресивно и секогаш на начин што е транспарентен и во согласност со владеењето на правото, во духот на солидарноста и во однос на потребите на жртвите.*

Превентивниот пристап кон радикализацијата и насилниот екстремизам е најекономичен начин на справување со овој проблем, кој не смее да биде недоволно третиран или севкупно игнориран, имајќи во предвид дека користењето на сила е секогаш последна, а не прва и единствена опција за одговор[27].

Превенцијата од радикализам, насилен екстремизам кој води кон тероризам, треба да опфати збир на мерки, активности кои ќе бидат во состојба да ги препознаат раните знаци на радикализација и навремено да ги неутрализираат. Ова подразбира соодветна обука на наставниците, работа со родителите преку редовни состаноци, предавање и дебата со учениците каде отворено ќе се зборува на овие теми. Вклученост на верските заедници кои активно би работеле со поранешни странски борци, како и соработка со локалните заедници.

Во превенцијата многу значајна улога играат и медиумите и начинот на кој известуваат за овие теми. Од изборот на зборови, изразот на лицето, тоналитететот на новинарот, многу зависи дали за случката за која известуваат ќе предизвикаат презир и одбивност кај младите или восхит и величење на извршителот на криминалните дејствија. Исто така сведоци сме на разгорување на национална и верска нетрпеливост на спортските натпревари и помеѓу навивачките групи. Говорот на омраза останува не санкциониран, а придонесува до насилства по улиците и загрозување на животот и сигурноста на граѓаните.

Еден од најчувствителните периоди од развојот на личноста е периодот на адолесценција. Тогаш настануваат големи промени кај младиот човек, како од физички, така и од психолошки аспект. Ова е период кога треба посебно внимание да се посвети на правилен развој, социјализација и интеграција на општеството.

[27] Национална стратегија за спречување на насилен екстремизам (2018-2022)

Проектот е финансиран од Европската Унија

Семејството, училиштето и наставниците ја играат клучната улога во овој процес. Тие се првите кои можат да ја приметат промената во однесувањето, интересите, како и тенденциите кон радикални, екстремистички дејствија и пропаганди. Наставниците се тие кои треба редовно да поттикнуваат дијалог со учениците на различни теми од општествениот живот, меѓу кои и темата за радикализација. Меѓутоа најнапред треба да создадат атмосфера каде учениците би се чувствувале сигурно и слободно за да дискутираат отворено. Семејството исто така, игра значајна улога во детектирање на раните знаци на радикализација и затоа е потребна блиска соработка со наставниот кадар на училиштето. Родителите во денешно време, во трката по пари и борба за егзистенција на своето семејство, често занемаруваат една многу важна обврска, разговор и дружење со своите деца.

Радикалните групи знаат на кој начин да им се приближат на младите луѓе овозможувајќи им да го добијат она што им недостасува, како чувството на припадност, вклученост и рамноправност. Младите во себе веќе носат доза на бунтовност како и желба да се докажат, па доколку не почувствуваат дека се ценети и слушнати нивната фрустрација често ја манифестираат со форма на насилство.

Имајќи ги предвид овие факти целото општество треба да презема активности преку кои ќе обезбеди младина отпорна на радикални провокации и пропагандата, бидејќи подобро и полесно е да се работи на превенцијата, отколку на последиците.

Училиштето е средина во која младите поминуваат голем дел од своето време. Тоа е местото каде се одвива воспитно-образовниот процес, па од добро обучен тим на наставници, педагози и психолози многу зависи и изградбата за здрава, позитивна личност која е отпорна на радикални идеологии. Затоа актите на насилство треба веднаш да добијат осуда од страна на училиштето и не смеат да се толерираат. Меѓутоа и кога нешто такво ќе се случи, учениците треба да бидат вклучени во дебатата, да се обезбеди согледување на критичната ситуација од повеќе аспекти. Со тоа ќе се развие критичкото размислување на учениците и ќе почувствуваат дека нивното размислување се почитува и се значајни актери во процесот на одлучување. Наставниците пак од друга страна треба да бидат секогаш достапни, доколку се јави некој проблем да можат соодветно да го насочат ученикот или да побараат помош. Следејќи ја ситуацијата наставникот ќе се советува со педагогот, психологот и ќе стапи во контакт со семејството на ученикот. Меѓутоа, да се внимава да не е семејството изворот на радикализација кај младиот човек. Иако ретко, но и ова се случува, поготово во општество како нашето каде раните од војните и конфликтите се уште не се заздравени. Возрасните пренесувајќи ги приказните од минатото од нивна перспектива некогаш и без намера создаваат гнев, омраза и желба за одмазда кај младите. Во ваков случај потребно е да се вклучат и други служби и институции кои би работеле со целото семејство и би им укажале на последиците од таквото однесување.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Сепак општ впечаток е дека младите луѓе во С. Македонија не сакаат да се навраќаат во минатото и да ги чепкаат старите рани, туку енергијата ја насочуваат кон градењето на европски вредности и дружељубивост изградена врз взаемно почитување. Се уште постојат и такви кои поинаку размислуваат, но со зближување на заедниците од различни етникуми, разбирање и почитување на различностите, во градењето на заедничко општество ќе настане процес во кои мирот и стабилноста на сите ќе ни биде приоритет. За да го постигнеме тоа потребна е континуирана работа со младите, нивните родители, со наставниците, со сите оние врз чија основа младиот човек го гради својот идентитет.

Во Република С. Македонија младите луѓе, ја препознаваат радикализацијата и се свесни дека самата радикализација не значи секогаш нешто лошо, но најчесто така се доживува. Многу често она што се перципира како радикално во една област, во друга област е нешто вообичаено. Исто така она што било радикално вчера, денес е општо прифатено. Се додека не се нарушуваат слободите и правата на другиот и нема употреба на сила и насилство радикалните идеи или движења не претставуваат закана за мирот и стабилноста на едно општество. Според едно неодамнешно истражување – Перцепција на младите од Западен Балкан за поимот радикализација[28], младите луѓе во Република Северна Македонија посебно ја истакнуваат политиката како причина за радикализација. Политичарите ја злоупотребуваат својата моќ и доверба од граѓаните разгорувајќи ја националната и верска нетрпеливост. Она што е интересно во ова истражување е дека учениците кои учат во приватните училишта имаат поголемо знаење за радикализацијата и покажуваат поголема заинтересираност да учествуваат активности и дебати на оваа тема. Додека во јавните училишта, учениците свесни се за постоењето на проблемот но не се посветува доволно внимание на истиот. Исто така учесниците од верските училишта/факултет покажале поголемо разбирање на терминот радикализација, со што посебно го истакнуваат погрешното толкување на исламските принципи од страна на радикалните групи кои формираат исламски училишта. Поради тоа целиот свет почнува радикализмот да го поврзува со исламот, а сето ова допринесува вистинските муслимани да се дистанцираат од својата религија. Додека учесник од факултетот за религиозни студии од Скопје смета дека *"радикализацијата е претерување до степен што отстапува од главната идеја за идеологија или патриотизам и се претвора во одредена мутантна верзија при што ја губи својата суштина и основи и на крајот е нешто спротивно од првичната идеја"*

[28] Perception about radicalization by young people in the western Balkan region https://www.horizon.mk/wp-content/uploads/2020/03/SRYARWB.pdf

Проектот е финансиран од Европската Унија

ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НИВНАТА УЛОГА ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ И РАДИКАЛИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ

Граѓанските организации во С. Македонија имаат значајна улога во спречувањето на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам. Од една страна граѓанските организации се поблиску до граѓаните, до ранливите групи, полесно можат да остварат контакт и соработка, а од друга страна повеќе анкети покажуваат дека граѓаните имаат далеку поголема доверба во граѓанските организации отколку во државните органи. Секако ова не значи дека граѓанските организации, треба или можат сами да работат на оваа проблематика, туку кога веќе уживаат таква доверба кај граѓаните, треба да ги зајакнат прво сопствените капацитети, а потоа треба да се зајакне и соработката со државните органи и други институции кои можат да допринесат во спречувањето на појавата на радикализација кај младите.

Во рамки на проектот „Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација – (Младите против насилство)", беа одржани три работилници со наслов "Контра-наративи и алтернативни наративи за спречување на радикализација што може да доведе до насилен екстремизам и тероризам и улогата на граѓанските организации во превенција од радикализација ". Целта на овие работилници беше граѓанските организации кои работат со млади да се запознаат со проектот, неговите цели и крајниот продукт – Платформата за граѓанско образование на млади – Младите против насилство. На работилниците, одржани во Скопје, Куманово и Струга се дискутираше и на темата радикализација на младите и беше поделен Прашалник на кој претставниците од граѓанските организации одговорија на прашањата поврзани со темата. Прашалникот се состоеше најнапред од прашања поврзани со организацијата, секторот на дејствување, односно на кои теми работи организацијата, за потоа да го наведат своето искуство на темата радикализација на млади, како и нивната перцепција за состојбата во Република Северна Македонија со радикализацијата, факторите за радикализација и застапеноста на овие теми во училиштата.

Проектот е финансиран од Европската Унија

РАБОТИЛНИЦА ВО СКОПЈЕ “МЛАДИТЕ ПРОТИВ НАСИЛСТВО “

Првата работилницата во Скопје беше организирана од “Нексус” – Граѓански концепт, организација која е една од партнерите во имплементација на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”. На работилницата присуствуваа вкупно 10 претставници од граѓански организации, училишта и други институции кои работат со млади. Откако беше презентиран проектот, платформата и придобивките од истата, беше поделен анкетниот прашалник.

На прашањето *како ја оценувате состојбата со радикализација на младите во С. Македонија*, 5 (пет) од 10 (десет) испитаници одговориле дека **состојбата може да се подобри**, 3 (тројца) дека состојбата е **не стабилна**, додека 2 (двајца) дека состојбата е **стабилна**.

Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Скопје во рамки на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”

Следното прашање се однесуваше на перцепцијата на испитаниците *дали државата презема доволно активности за борба против радикализација, насилен екстремизам и тероризам*, при што 7 (седум) од 10 (десет) испитаници одговориле негативно – **не**, односно дека државата не презема доволно активности на ова поле, а 3 (тројца) одговориле **може да се подобри**. Ниту еден од испитаниците не одговорил потврдно со – **да**, на ова прашање.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Скопје во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

Понатаму на прашањето *дали досега имате соработувано со некои државни органи или јавни институции во врска со активности поврзани со борба против радикализација, насилен екстремизам и тероризам*, само еден учесник одговорил потврдно со **да**, за во следното прашање соработката со истите да ја оцени со **може да се подобри** .

На прашањето *која група на фактори сметате дека се одлучувачки за можна радикализација на младите во С.Македонија*, испитаниците сметаа дека сплет на повеќе фактори можат да доведат до радикализација, па затоа заокружија повеќе опции. Но сепак од понудените опции најмногу се определија за идеолошки.

Така 3 (тројца) од испитаниците одговорија само со **идеолошки**, други 3 (тројца) одговорија со **идеолошки и верски,** 2 (двајца) со **политички и економски**, 1 (еден) испитаник одговори со **идеолошки и економски** и уште 1 (еден) ги наведе сите наведени фактори – **идеолошки, политички, религиозни и економски**, како причина за радикализација.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Скопје во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

На последното прашање, *дали во училиштата се посветува доволно внимание на овие теми*, сите испитаници одговориле негативно со **не**.



Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Скопје во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

На оваа работилница најголем број од учесниците беа просветни работници, психолози и други профили кои работат со млади, па очекувано беше најмногу да

Проектот е финансиран од Европската Унија

се дискутира за училиштата, наставниот кадар и нивниот однос со учениците. Се истакна потребата од подобрување на соработката помеѓу родителот, наставникот и ученикот, за да може да се препознаат првите знаци на радикализација и навремено да се интервенира. Друга важна тема беше и социјална кохезија на младите од различни етнички групи уште од најрана возраст и работата со родителите за да не го попречуваат овој процес. Еден од учесниците кој работи со млади посочи дека децата сакаат да се дружат и дека немаат предрасуди, но се до оној момент додека не се вмешаат родителите со нивните политички убедувања, поделби на граѓаните и обвинување на другите за сопствениот неуспех. Друг учесник, наставник во основно училиште ни пренесе искуствата дека децата помеѓу себе почнуваат конфликти, кои воделе и до физичко насилство, само поради тоа што родителите им биле припадници на различни политички партии.

РАБОТИЛНИЦА ВО КУМАНОВО “МЛАДИТЕ ПРОТИВ НАСИЛСТВО”

Втората работилница во организација на Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД), се одржа во Куманово. На оваа работилница имаше претставници од 9 граѓански организации кои работат со млади. Работилницата започна со презентација на проектот и платформата – Младите против насилство. Беа посочени целите на платформата, начинот на воспоставување и функционирање, како и бенефитите од истата.

Откако беше поделен анкетниот прашалник, дискутиравме со учесниците на тема радикализација на младите, причини поради кои младите се радикализираат, фазите низ кои поминува лицето во процесот на радикализација.

На оваа работилница преовладуваа млади луѓе кои неодамна ги напуштиле училишните клупи, на кои се уште им беа свежи сеќавањата за проблемите со кои се соочиле во текот на образовниот процес. Посебно се задржавме на темата дискриминација, на што потенцираа дека уште при уписот во средно училиште децата биле распоредени во соодветни класови според професијата на нивните родители и дали доаѓаат од град или од село. Па така, поделба помеѓу децата започнувала уште во почетокот на средното образование, а со текот на годините се продлабочувала. Понатаму дискутиравме за насилството, говорот на омраза и каков вид на санкции воспитно би влијаеле на младиот човек во иднина да не врши такви дела. За радикализацијата, насилниот екстремизам учесниците истакнаа

Проектот е финансиран од Европската Унија

дека во училиштата воопшто не се посветува внимание, поради што раните знаци на радикализација не се препознаваат и се дозволува да прерасне во насилство.

На работилницата без присутни вкупно 12 учесници од девет граѓански организации, кои одговорија на анкетниот прашалник.

На прашањето *како ја оценувате состојбата со радикализација на младите во С. Македонија,* 10 (десет) од 12 (дванаесет) испитаници одговориле со **<u>може да се подобри.</u>** Еден (1) испитаник одговорил со **<u>стабилна</u>** и еден (1) со **<u>не стабилна</u>**.



Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Куманово во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

На следното прашање кое се однесуваше на перцепцијата на испитаниците *дали државата презема доволно активности за борба против радикализација, насилен екстремизам и тероризам,* 10 (десет) од 12 (дванаесет) испитаници одговориле со **<u>може да се подобри,</u>** а 2 (двајца) со **<u>не</u>**, односно дека државата не презема доволно активности за борба против радикализација, насилен екстремизам и тероризам. Ниту еден од испитаниците не одговорил потврдно.

Проектот е финансиран од Европската Унија



Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Куманово во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

На следното прашање *дали досега имате соработувано со некои државни органи во врска со активности поврзани со борбата против радикализација, насилен екстремизам и тероризам*, само 2 (двајца) испитаници од 12 (дванаесет) одговориле потврдно со **да**, а на следното прашање соработката со истите, ја оцениле со **може да се подобри.**

На прашањето *која група на фактори сметате дека се одлучувачки за можна радикализација на младите во С.Македонија*, испитаниците сметаа дека сплет на повеќе фактори можат да доведат до радикализација, па затоа заокружија повеќе опции. Така 3 (тројца) од 12 (дванаесет) испитаници ги заокружиле сите групи на фактори **идеолошки**, **политички, верски, економски**, 2 (двајца) од 12 (дванаесет) се изјасниле за **идеолошки и политички фактори**, додека 2 (двајца) од вкупно 12 (дванаесет) испитаници заокружиле **идеолошки, политички и економски**, други 2 (двајца) од 12 (дванаесет) се одлучиле за **идеолошки и верски** и по 1 (еден) испитаник се изјасниле за **политички и економски**, 1 (еден) за **политички** фактори и 1 (еден) од 12 (дванаесет) за **верски**.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Куманово во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

Последното прашање од овој анкетен прашалник се однесуваше на училиштата и *дали испитаниците сметаат дека во училиштата се посветува доволно внимание на овие теми*. Сите12 (дванаесет) испитаници одговорија негативно со **не.** Двајца од испитаниците имаат наведено и дополнителен коментар на ова прашање, каде едниот смета дека треба да се спроведе обука на наставниот кадар за темата радикализација, насилен екстремизам и тероризам, додека другиот смета дека треба да се организираат вонучилишни активности со учениците и наставниците во соработка со одделот за превенција при СВР.



Прашалник за Граѓанските организации присутни на работилницата во Куманово во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)

Проектот е финансиран од Европската Унија

РАБОТИЛНИЦА ВО СТРУГА “МЛАДИТЕ ПРОТИВ НАСИЛСТВО”

Третата и последна работилница, во рамките на оваа проектна активност беше во организација на Здружението за развој и активизам – Аква од Струга, која е една од партнерите во имплементација на проектот “Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)”

На оваа работилница имавме учесници од различни профили, средношколци, наставници, претставници од МВР – Сектор за превенција, од општина Струга, како и граѓански организации кои работат со млади.

Откако учесниците одговорија на прашалникот - вкупно 18 учесници, започнавме дискусија за состојбата со радикализација на младите и причините за тоа. Секој од свој аспект зборуваше за темата. Средношколците посочија дека скоро воопшто не се посветува внимание на овие теми во училиштето и дека по случен инцидент со елементи на насилство само се разговара со предизвикувачите и учесниците во инцидентот и потоа се продолжува по старо. Поради зачестените инциденти помеѓу две средни училишта бил изграден ѕид, за да не се гледаат децата за време на одморите и да се одбегнат провокации. Но по завршувањето на часовите инцидентите продолжувале.

Се зборуваше и за говорот на омраза кој е присутен на спортските натпревари и социјалните мрежи. Од МВР – Сектор за превенција не известија за голем број на проекти поврзани со превенција на младите, кои за жал поради пандемијата со Ковид 19 се прекинати. Исто така од Општина Струга бил започнат проект за зближување на учениците од различни етнички заедници, со голем број на заеднички активности кој е исто така прекинат поради Ковид 19.

Генерално учесниците се согласија дека меѓуетничките односи во Струга се добри, но дека треба да се продолжи со работа и зближување на сите граѓани.

Како по ризични и поподложни на радикализација ги посочија младите кои живеат во руралните средини во околината на Струга.

На прашањето *како ја оценувате состојбата со радикализација на младите во С.Македонија,* 11 (единаесет) од 18 (осумнаесет) одговориле со **<u>може да се подобри,</u>** 6 (шест) од 18 (осумнаесет) го заокружиле одговорот **<u>не стабилна,</u>** додека 1 (еден) испитаник од 18 (осумнаесет) одговорил со **<u>стабилна</u>**.

Проектот е финансиран од Европската Унија



Прашалник за Граѓанските организации и институции присутни на работилницата во Струга во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

Следното прашање се однесуваше на перцепцијата на испитаниците за тоа *дали државата презема доволно активности во борбата против радикализација, насилен екстремизам и тероризам.* На што 10 (десет) испитаници од 18 (осумнаесет) одговориле со **<u>може да се подобри</u>**, 6 (шест) одговориле со **<u>не</u>**, односно дека државата не презема доволно активности и 2 (двајца) испитаници од 18 (осумнаесет) одговориле потврдно со **<u>да</u>**.

Прашалник за Граѓанските организации и институции присутни на работилницата во Струга во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

Проектот е финансиран од Европската Унија

Следните прашања се однесуваа на соработката со државните органи, односно *дали досега соработувале со државните органи во врска со активности поврзани со радикализација, насилен екстремизам и тероризам* , само 1 (еден) испитаник од 18 (осумнаесет) одговорил со **да** , а самата соработка со државните органи ја оценил со **одлично.**

Прашањето кое се однесува на факторите за радикализација, испитаниците и од Скопје, Куманово и Струга сметаат дека повеќе групи на фактори влијаат на радикализација кај младите.

Така на прашањето *која група на фактори сметате се одлучувачки за можна радикализација кај младите во С.Македонија,* 6 (шест) од 18 (осумнаесет) испитаници ги заокружиле сите фактори **идеолошки, политички, верски, економски,** 4 (четири) од 18 (осумнаесет) се определиле за **идеолошки**, 3 (тројца) од 18 (осумнаесет) испитаници одговориле со **идеолошки и политички** , додека 2 (двајца) испитаници од 18 (осумнаесет) одговориле со **политички**, потоа 1 (еден) се определил за **идеолошки и верски** фактори, 1(еден) за **политички и верски** и 1 (еден) испитаник од 18 (осумнаесет) за **верски**.

Прашалник за Граѓанските организации и институции присутни на работилницата во Струга во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

Последното прашање од анкетниот прашалник беше испитаниците да го кажат своето мислење за тоа, *дали во училиштата се посветува доволно внимание на овие теми.* Од 18 (осумнаесет испитаници) само 1 (еден) испитаник одговорил

Проектот е финансиран од Европската Унија

потврдно со **да**, додека 17 (седумнаесет) испитаници сметаа дека во училиштата не се посветува доволно внимание на овие теми и одговориле со **не**.



Прашалник за Граѓанските организации и институции присутни на работилницата во Струга во рамки на проектот "Платформа за граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)"

ПРЕПОРАКИ

Врз основа на податоците добиени при изработка на анализата, како и прашалникот и дискусиите спроведени на работилниците следниве препораки сметам дека ќе допринесат за успешно реализирање на проектните активности и постигнување на целта на проектот.

Препорака	Проектна активност	Верификација
Потпишување на пристапница со секоја членка на платформата и дефинирање на полето на интерес и дејствување	1.2 Воспоставување на Платформа на ГО – Младите против насилство	Број на потпишани пристапници

Проектот е финансиран од Европската Унија

Да се обезбеди дел каде корисниците би поставувале прашања или би давале предлози/сугестии во врска со активностите	1.3 Дизајн на веб и мобилна апликација за Платформата на ГО	Поставени прашања и предлози од страна на младите корисници
Да се потпише меморандум со Агенција за млади и спорт, Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот, МОН	2.1 Потпишување на меморандум со општини, јавни субјекти и заинтересирани страни за промоција на платформата “Младите против насилство”	Потпишани меморандуми за соработка
Освен предвидените 3 модули: 1)интеркултурна соработка, 2)социоекономски иницијативи и 3)избегнување на говор на омраза, да се вклучи и модул за тоа што е радикализација, фазите, препознавање и превенција.	2.3 Дизајн на наставни програми на млади за граѓанско образование на младите за справување со радикализација и промоција на меѓу културна соработка	Додаден модул за радикализација, фазите на радикализација, препознавање и превенција.
Иако медиумската писменост е содржана во насловот, во самиот опис на активноста нема ништо наведено. Во циклусот на обуки да се додаде дел посветен за медиумската писменост (способност критички и аналитички да се примаат информациите)	2.4 Организација на обука за млади и граѓански организации за меѓукултурна, социоекономска соработка и медиумска писменост	Додаден дел за медиумска писменост

Проектот е финансиран од Европската Унија

Освен овие препораки кои се однесуваат на проектните активности, би сакала да додадам и други кои пред се, се однесуваат на воспитно образовниот процес и се од големо значење за развој на еден млад човек отпорен на радикалните идеи и пропаганди.

- Континуирана обука на наставниците со која ќе се овозможи постојано надоградување на знаењето за тоа што претставува радикализацијата, кои се првите видливи знаци на радикализација, како и превенција од истата.
- Организирање на додатни часови на кои ќе се дискутира со учениците на различни теми од општествениот живот меѓу кои и темата радикализација.
- Поголема ангажираност на педагозите и психолозите во превенцијата од радикализација. Да се воспостави редовна пракса на организирање средби со учениците.
- Да се зајакне соработката на училиштата со полицијата, општините, граѓанските организации, центрите за социјална работа.
- Користење на воспитно-педагошки мерки, како казна за непримерно или насилно однесување, каде акцентот ќе биде ставен на воспитувањето.
- Да се организираат работилници со родителите на тема радикализација и насилен екстремизам . На тој начин не само што родителите ќе се запознаат со знаците и процесот на радикализација, туку и наставниците и стручните служби на училиштето ќе имаат можност да проценат дали родителите се извор или не свесен поттикнувач на радикализација кај ученикот.
- Поголема промоција на спортот, уметноста, други креативни активности во училиштето, каде учениците би ја насочиле својата енергија согласно нивните афинитети.

Проектот е финансиран од Европската Унија